41498

НОВА МАКЕДОНИЈА, 17246,



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

# Изложба на Симеон Узуновски

**● Во поставката по повод дваесетгодишното творештво авторот е застапен со над сто дела – масла, асамблажи, објекти, апликации. – Вечерва со почеток во 19,30 часот изложбата ќе ја отвори Ѓунер Исмаил**

Вечерва во Музејот на град Скопје во 19,30 часот ќе биде отворена изложба на **Симеон Узуновски** – „Дваесет години творештво".

Узуновски (1949) дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1979, а студирал и историја на уметноста на Филозофскиот факултет. Член е на ДЛУПУМ од 1985 година. Од 1977 до сега одржал 10 самостојни изложби (од Галеријата „Ко–Ра", преку просториите на Филозофскиот факултет, Работничкиот универзитет, Клуб на новинарите, Галеријата на ЈАТ, до салонот на Домот на младите (сега МКЦ). Исто така од 1974 година до денес Узуновски има реализирано над 50 самостојни камерни изложби во ентериерите на островот Капри, Италија.

На најновата изложба ќе се претстави со над сто дела (масла, асамблажи, објекти, апликации на хартија) работени паралелно во областа на концептуалната ументост, на апстрактната и како реалистички дела со мотиви од стари урбани јадра (Скопје, Капри и др.).



Симеон Узуновски: Линија

Каталогот што ја придружува изложбата (52 страници со 27 колор репродукции и превод на текстовите на англиски и италијански) содржи текстови од ликовните критичари **Лазо Плавевски, Мирослав Поповиќ** и **Зоран Петровски** кои поодделно ги разработуваат областите од ликовното творештво на Узуновски.

По нејзиното премиерно прикажување, изложбата која што вечерва ќе ја отвори **Ѓунер Исмаил**, ќе биде прикажана во неколку градови во Македонија – Битола, Ресен, Охрид, Штип, Куманово, а исто така ќе биде пренесена на Капри, Анакапри, Позитано, Амафли и Прошида во Италија.

**С.Ѓ.**